#12

Радувајте се секогаш во Господа, и пак ќе речам: радувајте се! (Фил 4, 4)!



Има повеќе радост во дарувањето отколку во примањето.

**Ако гледаме наоколу , често не наоѓаме мотиви за ведрина, за радост!**

Пред животните грижи, пред неправдите кои ги гледаме во општеството, пред тензиите помеѓу народите можеме да останеме разочарани, со ризик да го отфрлиме нашето залагање и да се затвориме во нас самите.

„Постои мотив зашто, без оглед на потешкотиите, ние треба да бидеме секогаш радосни.

Која е Тајната на Вистинската Радост?

**Христијанскиот живот земен со сериозност е она што не доведува до ова. По ова Исус живее во полност во нас и со него не може да не бидеме во радост.**

Тој е изворот на вистинската радост, затоа што **дава смисла на нашиот живот,** тој не води со својата светлост, **не ослободува од секој страв** било од минатото било од оние кои следуваат, **ни дава сила за да ги надминеме сите потешкотии**, напасти и искушенија кои може да ги сретнеме"

Од оваа радост се раѓа способоста да ги **прифатиме другите со срдечност**, со достапноста да **имаме време да посветиме** на оние околу нас.



## Нашите Искуства:

Неодамна во Сирија, без оглед на тешките опасности и нелагодности од војната, една група на млади се обединија за да ги споделат искуствата од живеенoто Евангелие.

„Следат раскажувања на болки и надеж, на херојска вера во љубовта на Бог. Постојат оние кои изгубиле се и сега со семејствата живеат во избеглички кампови, оние кои ја виделе смрта на своите најмили.



Силно е залагањето на овие млади да создадат живот околу нив: организираат фестивали во градовите, вклучувајќи личности, **обновуваат училиште и една градина во центарот на едно место**, никогаш не ги завршуваат поради војната. Нудат подршка на десетина семејства на мигранти.



Одново процветуваат зборовите на Кјара Лубик: „Радоста на христијанинот е како еден зрак од сонце кој сјае во една солза, во една процветена роза, во една капка крв произлезена од болка (...) поради тоа ја има силата апостолова да биде едно прозорче на Рајот„



Во нашите браќа и сестри од Сирија ја наоѓаме силината на првите христијани, кои во оваа ужасна војна сведочат за вербата и надежта во Бог Љубов, предавајќи ја на нивните другари од патувањето.

*Бaгодариме Сирија за оваа лекција на живеаното христијанство!“*